Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје
Примено: 09.12.2015
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
13 | 5682/1

***До Медицински факултет,***
***Продекан за наука, настава***

## Приговор

Во текот на целиот образовен процес низ кој поминав во институциите и клиниките на Медицински факултет можам само да потврдам дека научив што претставува Медицината како наука, која ги изучува сите здравствени проблеми на човекот. Благодарение на професорите и асистентите кои ни го пренесуваа знаењето успеав да го изминам целиот пат и да стигнам до статусот Апсолвент. Не можам а да не ја споменам апсолвентската забава во која заеднички го прославивме токму тоа, завршувањето на сите обврски и задолженија а ние студенти-Апсолвенти се стекнавме со право да се соочиме со дипломскиот, завршен испит.

Некои порано, некои подоцна дипломирале и се стекнале со лиценца за работа како доктор по медицина. Во мојот случај, за разлика од другите, од 2010-2015г. студиите беа во состојба на мирување. И верувајте ми, во момент кога сакав да продолжам со положување на останатите испити во Октомвриска сесија, ете, баш тогаш добив забрана за излез на испит. Едно големо изненадување беше тој момент за мене, а како и да не биде кога воопшто не очекував.

Нејсе, во следните мои лични моменти посветив внимание на пронаоѓање на одговорот за проблемите и причините, зошто и како? Не можам да се откажам туку така, наивно, и затоа решив подлабоко да истражам за што всушност се работи. Не ми се допадна начинот, стилот со кој некој се поиграл со мене и затоа се почуствував навреден и понижен.

Од моето прво запишување на Медицински факултет во 1990г. се сретнав со многу предизвици како студент и како новинар но морам да признаам никогаш до сега со толку сериозен предизвик. За прв пат во мојот живот, во моментот кога ми беше кажана информацијата за условот на студирање, длабоко се замислив и ми отвори многу дилеми кои се однесуваат за понатамошното студирање, затоа што сепак, по толку време поминато на оваа високо образовна установа и на крајот да се добие само едно големо Ништо. Па, зарем е можно целиот мој труд да се претвори во „тресење празна слама?"

Се растрчав по неколку институции за кои сметав дека можат да ми помогнат и колку повеќе контактирам со нив толку повеќе добивам јасна слика дека целата игра, околу статусот Апсолвент, е всушност една фарса зад која е очигледно дека се работи за добро смислена манипулација. Финта на која можат да им позавидат и Хари Худини, Дејвид Коперфилд, Дејвид Блејн или Динамо Ман. Редоследот на имињата е според ранк листата на најдобрите илузионисти во свет.

Би сакал да кажам нешто поинаку но фактите кажуваат сосема друго и се согласувам дека се работи за финансиска, правна и манипулација која се однесува на Автономијата на Медицински факултет. Впрочем, тоа беше една од причините да побарам правна помош од УСАИД во Скопје.

Сите сме ние заедно, студенти, професори и асистенти, во оваа манипулација. Впрочем зошто би барал потписи од истиот професор за заверка на семестар кога веќе тоа е сторено? Или пак од друг професор на истата катедра? Во некоја рака иако се однесува само на мене лично, и другите студенти во слична состојба, се однесува и на професорскиот кадар на Медицински факултет. Каде се видело и чуло ученик да се врати од 8-мо во 5-то одделение основно училиште или ученик од 4-та година средно училиште да се врати во 1-ва година? Ако таква работа не постои во пониските образовни установи тогаш зошто се случува во високо образовна установа-Медицински факултет?

Овој необразовен начин на работа верувам дека може да се рашири токму и во пониските образовни установи, доколку не се спречи во највисоките. Не сакам да предвидувам дека тоа би била тотална злоупотреба на Автономијата во сите образовни установи.